**2021053770**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 март 2021 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА [1](*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.222/20, 281/20 и 4/21), во членот 1 во ставот (2) по бројот „452“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 453, се додаваат четири нови прилози 454, 455, 456 и 457 кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-2313/1
2 март 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.

[1] Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на Европската Унија за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32020R1701, 32020R1702, 32020R2080 и 32020R2179.

**Прилог 454**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1701/2020** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет за малопродажба спакуван во црна памучна вреќичка, сочинет од два производи:<br>- Цевка од инокс челик со кружен напречен пресек со должина приближно 21,5 см и дијаметар од приближно 0,5 см. На површината на цевката има низа изрезоци заради полесно придржување. Наменета е за употреба како сламка за пијалоци за повеќекратна употреба:<br>- Усукана четка од инокс челик, со должина приближно 20,2 см со најлонски влакна со пречник 0,5 см на главата од четката. Четката е со големина прилагодена да поминува низ сламката за да се овозможи чистење после употреба.<br><br>Види фотографија (*)<br><br> | **7323 93 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тарифен број 7323 и тарифен подброј 7323 93 00<br><br>Компонентата која на сетот му го дава суштинскиот карактер е цевката, која може да се употребува како сламка за пијалок за повеќекратна употреба, дури и кога нема во прилог четка. Четката е само дополнителен прибор.<br><br>Заради објективните својства на производот (посебни димензии, облик, степен на обработка, материјал безбеден за храна, кружни набори на површината) производот може да се идентификува како готов производ (сламка за пијалок) од тарифен број 7323.<br><br>Распоредување во тарифен број 7304 или 7306 како цевки и шупливи профили е исклучено зашто производот специфичен готов производ опфатен со друг тарифен број.<br><br>Производот оттука се распоредува во тарифна ознака 7323 93 00 како други производи за домаќинство од нерѓосувачки челик. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 455**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 1702/2020** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Систем за намотување на кабел сочинет од следниве компоненти:<br>- Кабел опремен со конектор (вклучница) на едниот крај за напон што не надминува 1000V;<br>- Пластичен намотувач за кабел опремен со пружен механизам за вовлекување (вклучувајќи систем за кочење за сопирање на намотувањето), систем од месинг за спроведување ел. струја и пластични фитинзи.<br><br>Дизајниран е да се вгради во правосмукалки.<br><br>Види фотографија (*)<br><br>  | **8544 42 90** | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименуванијата на тарифен број 8544 и тар. ознаки 8544 42 и 8544 42 90.<br><br>Распоредување во тар. број 8508 како делови за правосмукалка е исклучено зашто на основа на неговите објективни карактеристики производот не може да се смета исклучиво или главно погоден за употреба за правосмукалки.<br><br>Производот е сложен уред (неговите делови се вградени заедно во целина) во смисол на забелешка 3 од Оддел XVI , што се состои од кабел опремен со конектор од тарифен број 8544 и намотувач од тарифен број 8479. Кабелот ја врши главната функција на уредот.<br><br>Оттука производот ќе се распореди во тарифен подброј 8544 42 90 како други електрични спроводници, за напон не поголем од 1000 V опремени со конектори. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 456**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр.2080/2020** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Солени и сушени половинки од домати, погодни за директна консумација. Содржината на сол изнесува од 10,65% - 17,35% по маса. Согласно различните нивоа на содржина на сол, производот се дели на различни категории на квалитет и служи за различни намени.<br><br>Постапката на производство се состои од сечење на свежи домати, нивно солење и дополнително изложување на сонце заради сушење. Улогата на солењето е да се зачини производот и да се утврдат различни категории на квалитет. Споредна улога на солењето е да го забрза сушењето и да го конзервира.<br><br>Производот се става во вакумски пакувања со различна големина, а потоа во картонски кутии и се чува на температура пониска од 5℃. | **2002 10 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 2002 и тар. подброј 2002 10 и 2002 10 90.<br>Тарифниот број 0711 опфаќа зеленчук што е обработен исклучиво заради привремено конзервирање при транспорт или складирање пред употреба, но во таа состојба е непогоден за директна консумација. Распоредувањето во тарифен број 0711 е исклучено затоа што производот е погоден за директна консумација.<br>Тарифниот број 0712 се применува за сите видови сушен зеленчук што не биле подложени на понатамошна подготовка.<br>Солењето не е процес предвиден во Глава 7. Се смета дека тоа е постапка на дополнителна подготовка, бидејќи при сушење не е потребно додавање на сол. Оттука, распоредувањето на производот во тарифен број 0712 е исклучено.<br>Затоа, производот се распоредува во тар. Ознака 2002 10 90 како домати подготвени или конзервирани на друг начин, освен во оцет или оцетна киселина. |

**Прилог 457**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр.2179/2020 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Правоаголна торбичка сочинета од тело од лиен силиконски еластомер. Има димензии приближно 16,6 см должина, 10 см во висина и 2,5 см ширина. Има прицврстена рачка од истиот материјал и патент затворувач (зип).<br><br>Производот е произведен во една фаза со вградени делови (рачка и патент затворач) и нема внатрешни елементи.<br><br>Производот е наменет за носење и заштита на различни мали предмети.<br><br>Види слика (*)<br><br><br><br> | **3926 90 97** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тарифен број 3926 и тарифен подброј 3926 90 и 3926 90 97.<br>Распоредувањето во тарифен број 4202 е исклучено зашто овој тар. број опфаќа само производи специфично наведени во тој тар. број и слични контејнери (види Коментар на ХС за тар. Број 4202, прв параграф).<br>Имајќи ги предвид објективните карактеристики (вклучувајќи ја неговата едноставна внатрешност и мали димензии), производот не се смета за футрола, кутија за козметика, работна торба, торба за документи, школска торба или слични контејнери од првиот дел на наименуванието на тарифен број 4202. Производот не се смета за сличен контејнер на опишаните во првиот дел на тарифен број 4202 затоа што не е специфично обликуван ниту пак неговата внатрешност е особено опремена за чување на одреден алат со прибор или без прибор (види Коментар на ХС за тарифен број 4202, трет и деветти параграф, точка (f).<br>Производот оттука не е опфатен со наименуванието на првиот дел од тарифен број 4202.<br>Производите опфатени во другиот дел од наименуванието на тарифен број 4202 треба да бидат изработени исклучиво од материјали кои се наведени во овој број или треба во целост или во поголем дел да бидат прекриени со такви материјали или картија (види Коментар на ХС, четврт параграф).<br>Имајќи предвид дека производот е сочинет од лиен силконски еластомер, не може да се смета за рачна торба со надворешна површина од лист од пластика. Оттука производот не е опфатен со наименуванието на вториот дел од тарифен број 4202.<br>Производот не е од вид што најчесто се носи во џеб или во рачна торба, како што се футроли за очила, новчаник, футрола за бележник, новчаник за банкноти, монети, футрола за клучеви, футрола за цигари, футрола за луле и вречички за тутун (види Коментар на ХС за тарифните подброеви 4202 31, 4202 32 и 4202 39). Затоа производот не може да се распореди во тарифните подброеви 4202 31, 4202 32 и 4202 39.<br>Производот, оттука се распоредува во тарифна ознака 3926 90 97 како други производи од пластични маси. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер